## каталог:

1. Заборавен
2. Простор I
3. Простор II
4. Дијагонала
5. № 1582
6. Остатоци
7. Птици
8. Пејзаж I
9. Пејзаж II
10. Без враќање
11. Кулминација
12. Момент
13. Асоцијација I
14. Асоцијација II
15. Асоцијација III
16 Асоцијација IV
17. Асоцијација V
18. Игра I
19. Игра II
20. Игра III
21. Игра IV
22. Игра V
23. Релација
24. Трио
25. Црти од живот I
26. Црти од живот II
27. Црти од живот III
28. Црти од живот IV
29. Црти од живот V
30. Црти од живот VI
31. Акт 1
32. Акт 2
33. Акт 3
34. Акт 4
35. Тенеброзо
36. Позирање 1
37. Позирање 2
38. Позирање 3
39. Позирање 4
40. Позирање 5
41. Композиција
42. Рака и Она 40
43. Рака и Она 50
44. Афродита
45. Портрет

# ДОЦЕВСКИ

## ФОТОГРАФИИ





Душан Доцевски

Роден е во Куманово 1958 година. Со фотографија се занимава од 1980 год. Член е на фото Клуб „Козјак"-Куманово од 1983 год.,каде започнува со излагачка активност.

Излагал:

Клубска изложба - Куманово - 1984

Никшиќ - 1984

Републичка изложба - Скопје - 1984

Адреса: Н. Револуција бр. 7 Куманово - 91300

Тел. (0901)/28-938

Досегашните остварени фотографски дела на Душан Доцевски укажуваат на еден сериозен приод и забележителен напредок во овој медиј.

За овој, релативно краток период, тој се наметна како автор, благодарение на својата упорност и талент.

Ова е негово прво самостојно претставување,

Застапени се главно три теми кои ги обработува, како желба да го претстави она што го доживува.

Кај фотографиите на Доцевски се чуствува емотивна атмосфера која е застапена во самото изнаоѓање на темата ,светло - сенка, валерските премини.

Тој ни нуди една нова визија и третман на предметите кои не опкружуваат.

Чизмите кои чекорат кон „непозната" светлина, добиваат надреален призвук по својата концепција.

Пред нив се отвора несознаен простор, копнеж кон универзумот.

Човек без идентитет со својата сенка на испукана земја, како опомена.

Светлоста од прозорецот, прекината со темна дијагонала, остава простор за размислување, и покрај сета своја едноставност.

Таа едноставност го прави доживувањето големо.

Видувањето на ладниот објектив, со топлото чувство на авторот, создават визуелна импресија.

Сопрен е моментот со желба вечно да живее.

Да се надеваме дека такви моменти Дуле, успешно и понатаму ќе ни презентира.

М-р. Зоран Јакимовски







